# ГРАДСКИ СТАДИОН „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ПРИЛЕП

# РЕКЛАМА НА ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ВМРО ДПМНЕ

# СО ПАРИ ОД УЕФА

# А ВО РЕЖИЈА НА ФФМ

## КАКО ПОЧНА ПРИКАЗНАТА за ГРАДСКИ СТАДИОН И

### Република - 18.03.2013

Кандидатот за градоначалник на Прилеп од коалицијата За подобра Македонија, Марјан Ристески најави реконструкција на градскиот стадион Гоце Делчев, а ќе биде со капацитет од 18.000 гледачи.

### БезПардон - 17.03.2013

Стадионот во Прилеп кој ќе го носи името „Гоце Делчев“ ќе има капацитет од 18.000 места, ќе биде направен според сите критериуми на УЕФА, **а инвеститор ќе биде општината.**









**Фудбалската федерација на Македонија (ФФМ) и градоначалникот на Прилеп потпишаа денеска договор за донација за реконструкција на стадионот „Гоце Делчев" во најфудбалскиот град во земјава, со што продолжи проектот за реконструкција на фудбалските стадиони во земјава, пренесува порталот „Маркукуле".**



**699 0**

објавено: **30 октомври 2015 - 16:41**

ФФМ веќе започна реконструкција со поддршка и од градските власти во Битола („Тумбе кафе“), потоа во Тетово и во Штип, на кои веќе се во тек градежните работи за подобрување на инфраструктурата.

Според проектот во кој ФФМ ќе инвестира еден милион евра, прилепскиот стадион ќе има капацитет од 18.000 места, а ќе биде направен според сите критериуми на УЕФА за играње дури и на меѓународни натпревари. Планирано е и хортикултурно уредување околу стадионот, како и изградба на паркинг простор. Исто така планирано е стадионот да добие нови трибини, нови соблекувални и осветлување за да може на него да се играат и ноќни натпревари.

Покрај реконструкцијата на „Гоце Делчев“, најавена е и **изградба на други фудбалски терени во градот.**

**ЕВЕ КАКО ИЗГЛЕДАШЕ СТАДИОНОТ !!! - (ВНИМАВАЈТЕ НА СТОЛЧИЊАТА И ТРЕВАТА)**







**Почна копањето на стадионот а Никола за тоа не ни знаеше.**

**Не се направи промоција.**








22.07.2016

## ФФМ започна со реконструкција на стадионот „Гоце Делчев“ во Прилеп

Фудбалската федерација на Македонија со поддршка од Уефа и „Хет трик 4“ програмата за развој, официјално ги започна активностите за изградба и реконструкција на нов модерен и квалитетен фудбалски терен со природна трева, како и поставување на рефлекторско осветлување на стадионот „Гоце Делчев“, активности кои се дел од проектот за подобрување на фудбалската инфраструктура во општините во Македонија.

Градскиот стадион „Гоце Делчев“ ќе претрпи сериозни инвестиции и ќе добие услови какви што заслужуваат тимовите, гледачите и репрезентацијата.

Со потпишаниот договор за регулирање на меѓусебните односи при изведување на работи меѓу ФФМ, општина Прилеп и Уефа**, Федерацијата има обврска да изгради најмодерен терен со дренанжен систем по највисоките стандарди на УЕФА, како и поставување рефлектори за осветлување. Општината треба да изгради покриена трибина со најмалку пет илјади столчиња, како и реконструкција на под трибинскиот простор каде треба да има модерни соблекувални и потребни простори за еден репрезентативен фудбалски стадион.**

„Во име на Фудбалската федерација на Македонија сакам да порачам дека се радуваме на заедничкото градење подобра иднина на македонскиот фудбал. Со помош на Уефа, нашата Федерација е способна да реализира важни проекти за македонскиот фудбал, а изградбата и реконструкцијата на петте репрезентативни стадиони во нашата земја се потврда за тоа. Ако во тоа имаме поддршка од локалната самоуправа и државата, тогаш можеме да осигураме убава иднина за нашиот фудбал, а посебно за младите спортисти и репрезентативните селекции“, изјави Илчо Ѓорѓиоски, претседател на ФФМ. Фудбалската федерација на Македонија веќе ги заврши своите активности поврзани со изградбата на модерен терен со дренажен систем по највисоките стандарди и критериуми на УЕФА на стадионите во Тетово и Битола.


















# Градот под Марковите кули ќе стане горд на стадионот „Гоце Делчев“

Фудбалската федерација на Македонија со поддршка од УЕФА и „Хет трик 4“ програмата за развој, официјално ги започна активностите за изградба и реконструкција на нов, модерен и квалитетен фудбалски терен со природна трева, како и поставување на рефлекторско осветлување на стадионот „Гоце Делчев“, активности кои се дел од проектот за подобрување на фудбалската инфраструктура во општините во Македонија.

Според проектот во кој ФФМ ќе инвестира еден милион евра, прилепскиот стадион ќе има капацитет од 18.000 места, а ќе биде направен според сите критериуми на УЕФА за играње дури и на меѓународни натпревари.

Планирано е и хортикултурно уредување околу стадионот, како и изградба на паркинг простор. Исто така планирано е стадионот да добие нови трибини, нови соблекувални и осветлување за да може на него да се играат и ноќни натпревари.








# КАКО ИЗГЛЕДА СТАДИОНОТ ДЕНЕС – Јуну 15 2017 – 10 МЕСЕЦИ ПРИЛЕП Е БЕЗ СТАДИОН !!!
















**13 јуни 2017 се најавуваше почеток на изградба после една година без стадион !!!!**